**Одлука бр.38**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна електронска седница одржана на 05.03.2026 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за измена, дополнување и донесување на**
**Тениските Правила и Прописи за детски тенис**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесуваат измените и дополнувањата на Тениските Правила и Прописи за детски тенис на ТФСМ.

**Член 2**

Во членовите 2.1. 2.2, 8.1 се додава конкуренција црвен тенис и гласат:

„

2.1 Сите натпревари во поединечна конкуренција во црвен и портокалов и зелен тенис се Национални тениски турнири. Натпреварувачко-судискиот комитет по препорака на Комитетот за развој може да ги прилагоди натпреварите и да ги организира како регионални
2.2 Турнирите (Црвен и Портокалов и Зелен Тенис), ќе се играат по системот Секој со Секого (Роунд Робин), најмногу 4 натпреварувачи во група во првата фаза и Директна Елиминација во втората фаза кај Портокаловите и Зелените турнири. Бројот на учесници на турнирите е неограничен. Кај турнирите од црвен тенис организаторот треба да избере формат кој налага децата да одиграат повеќе мечеви.
8.1 Во текот на еден ден, натпреварувачот (Црвен, Портокалов и Зелен Тенис) максимално може да одигра три меча со брзи сетови во поединечна конкуренција."

**Член 3**

Членот 2.8 се менува и ќе гласи:

„

2.8 Натпреварувачко-судискиот комитет по препорака на Комитетот за развој може да го прилагоди и промени системот, форматот и димензијата на терените за организација натпреварите во Црвен, Портокалов Зелен тенис."

**Член 4**

Членот 3.2 се менува и ќе гласи:

„

- Црвен Тенис, право на настап имаат сите играчи кои во тековната натпреварувачка година полнат 8 години (за 2026 играчи родени 2018 година) и помлади, но со наполнети 5 години на денот кога почнува главниот турнир.
- Портокалов Тенис, право на настап имаат сите играчи кои во тековната натпреварувачка година полнат 10 години (за 2026 играчи родени 2016 година) и помлади, но со наполнети 7 години на денот кога почнува главниот турнир.
- Зелен Тенис, право на настап имаат сите играчи кои во тековната натпреварувачка година полнат 11 години (за 2026 играчи родени 2015 година) и помлади, но со наполнети 8 години на денот кога почнува главниот турнир."

**Член 5**

Членот 4.1 се менува и ќе гласи:

„

Играчите се должни сами да се пријават преку својот профил на платформата: https://igraj.tfsm.mk/tournaments. Сите играчи треба да ја имаат обновено регистрацијата за тековната година како би можеле да се пријавуваат на турнирите од календарот на ТФСМ. “

**Член 6**

Во членот 10.1 се додава физиотерапевт и ќе гласи:

„

10.8 Организаторот на натпреварот е должен за секој ден на турнирот по потреба да обезбеди Физиотерапевт или Лекар на повик.”

**Член 7**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување и важи до нејзина измена.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 05.03.2026 година

Тениска Федерација на Северна Македонија
1
Скопје